# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА
# ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО


| | |
|---|---|
| ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | БР. 4 ГОД.28 |


**Општина Чучер-Сандево, Април 2025 година**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО

| | | |
|---|---|---|
| **Излегува** | **понеделник** | **Бр. 4** |
| **по потреба** | **28.04.2025 год.** | **Год. 28** |


# 26.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/24) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА I КВАРТАЛ, ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2025 ГОДИНА**

Се објавува Одлука за усвојување на Кварталниот извештај за **I** квартал, за извршување на Буџетот на Општина Чучер-Сандево за период од **01.01.2025** до **31.03.2025** година**,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **51-**та седница, одржана на **24.04.2025** година.

**Бр.09- 1012/1** | **ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**25.04.2025 година** | **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Чучер-Сандево** | **Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија’’ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија” 202/24), член 32 став 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија’’ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.244/19, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25) и член 23 од Статутот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево’’ бр.05/19), Советот на Општина Чучер-Сандево на **51**-та седница одржана на ден **24.04.2025** година, донесе

# О Д Л У К А

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА I КВАРТАЛ, ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2025 ГОДИНА**

1.Се усвојува Кварталниот извештај за **I** квартал, за извршување на Буџетот на Општина Чучер-Сандево за период од **01.01.2025** до **31.03.2025** година.

2.Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Чучер-Сандево за период од **01.01.2025** до **31.03.2025** година, е составен дел на оваа Одлука.

3.Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Чучер-Сандево''.

**Бр.08-964/3**
**24.04.2025 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Петрушевска с.р.**

https://cucersandevo.gov.mk/?p=3465

# 27.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/24) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА КОНТРОЛА НА ПОПУЛАЦИЈАТА НА БЕЗДОМНИ КУЧИЊА НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ВО 2025 ГОДИНА**

Се објавува Програма за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Чучер-Сандево во 2025 година, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **51**-та седница, одржана на **24.04.2025** година.

**Бр.09- 1012 /2**
**25.04.2025 година**
**Чучер-Сандево**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 28 став 3 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Република Македонија“ бр.149/14, 149/15, 53/16 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.65/23) и член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.05/02 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), Советот на Општина Чучер-Сандево на **51-та** седница одржана на ден **24.04.2025** година, донесе

## ПРОГРАМА
**ЗА КОНТРОЛА НА ПОПУЛАЦИЈАТА НА БЕЗДОМНИ КУЧИЊА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ВО 2025 ГОДИНА**

### I. ВОВЕД

Со оваа Програма се утврдуваат активностите за третирање на бездомни кучиња, нерегистрирани и регистрирани кучиња кои ќе се затекнат на јавни површини без присуство на сопственик.

За решавање на проблемот поврзан со зголеменото присуство на бездомни кучиња, односно за контрола на нивниот број, од страна на Светската здравствена организација за заштита на животните и позитивните законски прописи во Република Северна Македонија, единствено е можен хуманиот начин на третирање на овие животни.

Хуманиот третман подразбира згрижување и заштита на животните, но и заштита на безбедноста и здравјето на граѓаните во општината.

## II . ЦЕЛИ

Општата цел на Програмата е определување на општи мерки и активности што треба да се превземат на територијата на Општина Чучер Сандево за ефикасна контрола на кучиња, како и третман согласно прописите од областа на ветеринарното здравство и благосостојбата на животните.

## III . ПРЕДМЕТ

Предмет на Програмата е определување на мерки и активности што треба да се превземат во 2025 година за воспоставување на ефикасен систем на контрола на бездомните кучиња.

Активностите за хумано третирање на кучиња - на територијата на Општина Чучер-Сандево ќе опфатат:

-заловување на кучиња,
-транспорт до прифатилиште,
-прием и преглед од доктор по ветеринарна медицина,
-лабораториско испитување на заразни болести согласно прописите од областа на ветеринарното законодавство, вклучувајќи испитување од болеста лајшманиоза,
- ветеринарно медицински третман на кучињата, овариохистеректомија и орхиектомија,
-спроведување на тест за социјализација на кучињата и понатамошни постапки со кучињата кои ќе бидат прогласени за опасни,
- постоперативно сместување и нега,
- вакцинација и дехелментација,
- обележување со микрочип и доколку е потребно лекување,
- враќање на заловените кучиња на реонот на нивно заловување или вдомување на кучињата,
-еутаназија на кучињата согласно прописите од областа на ветеринарното законодавство и
- едукација подигнување на јавната свест кај населението.

Проценуваме дека на територија Општина Чучер-Сандево има околу 50 бездомни кучиња.

## IV. ОПИС НА АКТИВНОСТИ

### IV.1 Заловување, транспорт, идентификација и евиденција

Лицата кои работаат во одобреното прифатилиште со кое Општина Чучер-Сандево има склучено договор, ќе бидат обезбедни со соодветна униформа и средства за лична заштита.

Заловувањето се врши со следната опрема: возило, јамки-мрежи за заловување, пушка (сафари) за хемиско заловување на кучињата, корпикафези за транспорт, окулувратници и водилки.

Транспортот се врши од местото на заловување до прифатилиште.

Прифатилиштето треба да е одобрено од Агенцијата за храна и ветеринарство.

На лице место се врши теренската идентификација на посебни обрасци за евиденција и идентификација – секое заловено куче веднаш се евидентира, се заведуваат податоци за животното како раса, пол, старост, особени знаци, место на заловување и др.

Заловувањето ќе се врши плански системски во сите населени места во општината, со приоритет на заловување околу основните училишта.

Кучињата кои поминале третман во прифатилиштето, ќе бидат обележани со ушни маркица во согласност со актуелната Годишната наредба за здравствена заштита на животните и ќе бидат вратени на реонот на заловување.

За оние кучиња за кои пости интерес ќе бидат вдомени кај нови сопственици.

## IV.2 Престој во прифатилиште, ветеринарно-медицински третман и понатамошно постапување со третираните кучиња

Заловените кучиња се транспортираат до прифатилиштето, кое е регистрирано и има одобрување од Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија. Кучињата се сместуваат во просториите за прием во кои се врши набљудување на кучињата од страна на докторот по ветеринарна медицина кој врши преглед на заловените кучиња и ги спроведува сите мерки согласно закон и тој одредува кој од нив ги исполнуваат критериумите за еутаназија.

Еутаназијата се врши:

- во согласност со важечките законски прописи и наредби,
- кога животното е заболено од заразна или паразитска болест која може да се пренесе на други животни или луѓето, животното е заболено од други болести кај кои лечењето е долго и со несигурна прогноза, тешко повредени животни, животни кои видливо страдаат или стари изнемоштени животни,
- кога кучињата преставуваат опасност кон луѓето или другите животни и
- кога кучињата поминале минимум временски период потребен за исцрпување на можност за вдомување.

Медицински третман на здрави кучиња се врши на следниот начин:

Сите клинички здрави животни се транспортираат до Ветеринарно друштво кое е одобрено од Агенцијата за храна и ветеринарство за ветеринарно -медицински третман на бездомни кучиња од прифатилиштето за што треба да се поседува склучен договор, односно во посебен дел за оперативно и болничко лекување во прифатилиштето доколку го поседува. Сите животни кои по мислење на ветеринарен доктор ги исполнуваат критериумите за операција се оперираат - стерилизирааат. По завршената операција и пост оперативно опоравување животните се враќаат назад во прифатилиштето каде се врши нивно редовно хранење и постојан надзор од страна на обучени лица.

Од сите заловени кучиња се испитува болеста Лајшманиоза. Со кучињата кои ќе бидат позитивни на болеста се поставува во согласност со актуелната Годишната наредба за здравствена заштита на животните.

На секое заловено куче му се спроведува тест за социјализација, а оние кучиња кои нема да го положат тестот ќе бидат прогласени за опасни кучиња и истите нема да можат да се вратат на реонот на заловување, туку ќе бидат понудени за вдомување, односно со истите се постапува согласно со актуелните прописи во областа на заштитата и благосостојбата на животните.

Прифатилиштето се одржува согласно санитарно - хигиенските прописи: боксовите во прифатилиштето редовно се чистат, се врши дезинфекција и дезинсекција, а по потреба и соодветна дератизација на целиот простор.

Извршителот на Програмата е должен да склучи договор со овластен оператор за нештетно отстранување на лешеви и нус производи од животинско потекло, во специјално изградена гробна–јама на соодветна комунална депонија, а исто така ќе ги собира и транспортира фекалиите/отпадот од прифатилиштето. Непосредно при напуштање на прифатилиштето кучињата се вакцинираат против болеста беснило и кучињата се третираат со средство против еднопаразити и ектопаразити.

Третираните кучиња и обележани со микрочип се враќаат на реонот на заловување или се вдомуваат, а вдомените се регистрираат во ветеринарно информативниот систем. Приоритет ќе се дава на вдомување на животните.

Сите податоци се внесуваат и ажурираат во информативниот систем на Агенцијата за храна и ветеринарство.

**IV.3 Едукација и подигнување на јавната свест кај населението**

Подигнувањето на јавната свест е клучна за справување и хуман третман на бездомните кучињата. Изведувачот на Програмата е должен да обезбеди комуникација со граѓани преку разни форми на комуникација, да спроведува едукативни и промотивни активности за подигнување на јавната свест за постапување со бездомни кучиња, да организира акции и настани за вдомување на кучиња.

## V. ОБЕМ НА АКТИВНОСТИ

Програмата предвидува заловување и третирање 15-20 бездомни кучиња годишно.

Активностите ќе се одвиваат по потреба.

Овластено лице од Општината по извршени увиди и контроли и примени повици од граѓаните каде има скитници, писмено по електронски пат го известува извршителот за терминот за заловување.

Се предвидува интензитетот на заловување и капацитетот на сместување во прифатилиште да ги исполнува условите за сместување на бездомни кучиња.

## VI.ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирање на Програмата се врши од средствата во Буџетот на Општина Чучер-Сандево од Програмата Ј 8 - Други комунални услуги во вкупен износ до 150.000,00 денари.

Плаќањето ќе се врши врз основа на извршена реализација.

## VII. ИЗВРШИТЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Годишната програма ќе ја реализира прифатилиште за бездомни кучиња одобрено од Агенцијата за храна и ветеринарство со кое Општина Чучер-Сандево ќе склучи договор.

## VIII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Надзор над извршувањето на Програмата врши Одделението за инспекциски надзор во Општина Чучер-Сандево. За спроведените активности на терен, извршителот е должен да изготвува квартални извештаи кои ќе бидат доставени до Градоначалникот и ќе бидат усвоени од Советот на Општина Чучер-Сандево.

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува до 31.12.2025 година.

**Бр. 08-964/4**
**24.04.2025 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Петрушевска с.р.**

# 28.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2025 ГОДИНА**

Се објавува Програма за заштита и унапредување на животната средина во Општина Чучер-Сандево за 2025 година, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **51**-та седница, одржана на **24.04.2025** година.

**Бр.09-1012/3**
**25.04.2025 година**
**Чучер-Сандево**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 2, член 36 став 1 точка 1 и член 62 став 1 од Закон за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.05/02 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 23 став 1 точка 11 од Статут на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.05/19), Советот на Општина Чучер-Сандево на **51-та** седница одржана на ден **24.04.2025** година донесе:

**ПРОГРАМА**

**ЗА ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2025 ГОДИНА**

1. **Вовед**

Во насока на воспоставување на одржлив развој на Општина Чучер-Сандево, а со тоа и заштита и унапредување на животната средина и здравјето на луѓето, вооедно и обезбедување на подобри услови за живот, се пристапи кон изработка на Програма за заштита и унапредувње на животната средина на подрачјето на Општина Чучер-Сандево.

Со оваа Програма се опфатени планираните активностите врз основа на анализа за проблемите од аспект на заштита на животната средина, а кои се во функција на истите во сите медиуми, вода, воздух, почва и природата.

Главна цел на оваа програма е заштита и унапредување на животната средина преку систем на мерки и активности за долгорочно планирање, заокружени во временската и финансиската рамка.

Програмата се однесува на проекти кои директно ќе бидат реализирани преку Општина Чучер-Сандево, а се дел од поголем корпус на активности од делот на заштита на животната средина кои заради спецификацијата и начинот на реализација се имплементираат во програмите на другите сектори и одделенија во рамките на локалната самоуправа на Општина Чучер-Сандево.

**2. Цели на програмата**

Цели на програмата се:

-Процена на состојбите со животната средина на локално ниво,

-Дефинирање, процена и поставување на проблемите од областа на животната средина, базирани на ризикот за здравје на човекот, еко системите и квалитетот на животот,

-Развивање на стратегии и активности за намалување на ризиците по животната средина во општината,

-Зголемена јавна свест и одговорност за заштита на животната средина и зголемување на подршката од јавноста за иновациите од областа на животната средина,

-Подобрување на мониторингот и оценувањето на состојбата во животната средина и воведување на начин на управување со животната средина,

**3. Предмет на програмата**

Предмет на програмата се:

-Заштита на водите од загадување, прочистување на отпадните води со изградба на пречистителни станици,

-Развивање стратегии и активности за намалување на ризиците по животната средина и

-Зголемување на јавната свест и одговорност за заштита на животната средина.

**4. Планирани активности во програмата**

Планирани активности во програмата се:

- Изградба на крак на фекална канализација во с.Кучевиште,
- Изградба на крак на фекална канализација во с.Мирковци и
- Изградба на пречистителна станица во Кучевачка бара.

**5. Финансирање на програмата**

Планираните активности во Програмата ќе се финансираат од предвидените средства од Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2025 година и тоа од Програмата JI - Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води во вкупен износ од **90.895.200,00** денари.

**6. Преодни и завршни одредби**

Надлежен за реализација на оваа Програма е Градоначалникот и Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Чучер-Сандево", а ќе се применува до 31.12.2025 година.

**Бр.08-964/5** **СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**24.04.2025 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер-Сандево** **Сања Петрушевска с.р.**

# 29.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/24) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ УСОГЛАСУВАЊЕ НА НАМЕНИТЕ ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНИ ОБЈЕКТИ ИЗГРАДЕНИ НА КП 5618 КО КУЧЕВИШТЕ ВОНГРАД**

Се објавува Одлука за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за вклопување на бесправни објекти изградени на КП 5618 КО Кучевиште вонград, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **51**-та седница, одржана на **24.04.2025** година.

**Бр.09-1012/4** **ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**25.04.2025 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Чучер-Сандево** **Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и “Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 23 став (1) точка 7 од Статутот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.05/19), член 10 став (4) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија” бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.174/21) и член 2 став (1) алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија” бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16), Советот на Општина Чучер-Сандево на **51-та** седница одржана на ден **24.04.2025** година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ УСОГЛАСУВАЊЕ НА НАМЕНИТЕ ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНИ ОБЈЕКТИ ИЗГРАДЕНИ НА КП 5618 КО КУЧЕВИШТЕ ВОНГРАД**

**Член 1**

По поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект од локално значење УП 1 бр.09-1033/2011 од 15.08.2011 година се утврдува потреба од донесување на урбанистичко–планска документација за усогласување на намената на градежното земјиште за бесправните објекти со намена А1 семејна куќа и ПО помошен објект, кои се изградени на КП 5618 КО Кучевиште вонград.

Согласно Општиот акт за с.Кучевиште, КП 5618 КО Кучевиште вонград е со намена Г- производство, дистрибуција и сервиси.

**Член 2**

Одлуката да се достави до Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во `Службен гласник на Општина Чучер-Сандево’’.

**Бр.08- 964/6**
**24. 04.2025 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Петрушевска с.р.**

# 30.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/24) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОШИРУВАЊЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВЕН ОБЈЕКТ НА КП 1853 КО ЧУЧЕР-САНДЕВО В.М.ПУДАРАЦ**

Се објавува Одлука за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат за вклопување на бесправен објект на КП 1853 КО Чучер-Сандево в.м.Пударац**,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **51**-та седница, одржана на **24.04.2025** година.

**Бр.09-1012 /5**
**25.04.2025 година**
**Чучер-Сандево**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), член 23 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.05/19), член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија" бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.174/21) и член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија" бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16), Советот на Општина Чучер-Сандево на **51-та** седница одржана на ден **24.04.2025** година, донесе

## О Д Л У К А
### ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ИДНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОШИРУВАЊЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВЕН ОБЈЕКТ НА КП 1853 КО ЧУЧЕР-САНДЕВО в.м ПУДАРАЦ

**Член 1**

По поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправни објекти од локално значење УП 1 бр.09-1828/2011 од 26.08.2011 година, за објектот означен како број на зграда 1 со намена А1 семејна куќа кој е изграден на КП 1853 КО Чучер-Сандево в.м Пударац, Советот на Општина Чучер-Сандево утврди дека **може** да се прошири планскиот опфат и да се изврши вклопување на бесправните објекти согласно одредбите од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација.

**Член 2**

Одлуката да се достави до Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Чучер-Сандево''.

**Бр.08- 964/7**
**24.04.2025 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Петрушевска с.р.**

# 31.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ЧЛЕН ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНОТО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ "СКОПСКА ЦРНА ГОРА" С.МИРКОВЦИ, ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**

Се објавува Одлука за разрешување на член во Управниот одбор на јавното комунално претпријатие Скопска Црна Гора с.Мирковци, Општина Чучер-Сандево**,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **51**-та седница, одржана на **24.04.2025** година.

**Бр.09-1012/6**
**25.04.2025 година**
**Чучер-Сандево**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 17-ѓ став (2) алинеја 1 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 9/07, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, и 35/19 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 89/22, 274/22 и 208/24) член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.5/19) Советот на Општина Чучер-Сандево на **51-та** седница одржана на **24.04.2025** година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ЧЛЕН ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНОТО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ "СКОПСКА ЦРНА ГОРА" С.МИРКОВЦИ, ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**

**Член 1**

Марија Мисердовска **се разрешува** од должноста член во Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие "Скопска Црна Гора" с.Мирковци, Општина Чучер-Сандево.

**Член 2**

Одлуката да се достави до Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие "Скопска Црна Гора" с.Мирковци, Општина Чучер-Сандево.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр.08-964/8** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**24.04.2025 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер-Сандево** **Сања Петрушевска с.р.**

# 32.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДРШКА НА СРПСКИ КУЛТУРНО ПРОСВЕТЕН И ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР „ВУК КАРАЏИЌ„ КУЧЕВИШТЕ**

Се објавува Одлука за давање согласност СОГЛАСНОСТ за финансиска подршка на Српски Културно Просветен и Информативен Центар „ВУК КАРАЏИЌ„ Кучевиште, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **51**-та седница, одржана на **24.04.2025** година.

**Бр.09- 1012/7** **ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**25.04.2025 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Чучер-Сандево** **Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија'' бр.202/24), член 23 од Статутот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.05/19), а во врска со Програма на Општина Чучер-Сандево од областа на култура за 2025 година Бр.08-2212/17 од 30.12.2024 година, а согласно Барање 09-937/1 од 14.04.2025 година поднесено од Српски Културно Просветен и Информативен Центар „ВУК КАРАЏИЌ„ Кучевиште, Советот на Општина Чучер-Сандево на **51-та** седница, одржана на **24.04.2025** година, донесе

# О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДРШКА НА СРПСКИ КУЛТУРНО ПРОСВЕТЕН И ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР „ВУК КАРАЏИЌ„КУЧЕВИШТЕ

### Член 1

Со оваа Одлука, Советот на општина Чучер-Сандево дава СОГЛАСНОСТ за финансиска подршка на Српски Културно Просветен и Информативен Центар „ВУК КАРАЏИЌ„Кучевиште, за организирање на Фолклорна манифестација и зајакнување и ревитализација на капацитетот на КУД „ВУК КАРАЏИЌ„-Кучевиште, во износ од 300.000,00 денари.

### Член 2

Средствата од членот 1 на оваа одлука, се предвидени во Програма на Општина Чучер-Сандево од областа на култура за 2025 година а се обезбедени во Буџетот на Општината за 2025 година, Програма А00-Совет на Општина, конто 463-Трансфер до невладини организации.

Средства од став на овој член ќе се трансферираат на сметката на Српски Културно Просветен и Информативен Центар „ВУК КАРАЏИЌ„ Кучевиште.

### Член 3

Оваа одлука да се достави до Градоначалникот и Одделението за финасиски прашања.

### Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр.08-964/9**
**24.04.2025 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Петрушевска с.р.**

# 33.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/24) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕСТАВНИК НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ВО УЧИЛИШНИОТ ОДБОР НА ОПШТИНСКОТО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ ”АЛЕКСАНДАР УРДАРЕВСКИ ”САНДЕВО**

Се објавува Одлука за именување на преставник на Општина Чучер-Сандево во училишниот одбор на Општинското основно училиште ”Александар Урдаревски” Сандево, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **51-**та седница, одржана на **24.04.2025** година.

**Бр.09-1012/8**
**25.04.2025 година**
**Чучер-Сандево**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 13, член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02 и” Службен весник на Република Северна Македонија”бр.202/24), член 16 став 1 точка 8 и член 23 став 1 точка 42 од Статутот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на општина Чучер-Сандево”бр. 5/19), а во врска со член 106 став 2 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), Советот на општина Чучер-Сандево на **51-та** седница одбрана на **24.04.2025** година, донесе

**ОДЛУКА**

**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕСТАВНИК НА ОПШТИНА ЧУЧУР-САНДЕВО ВО УЧИЛИШНИОТ ОДБОР НА ОПШТИНСКОТО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ ”АЛЕКСАНДАР УРДАРЕВСКИ”САНДЕВО**

**Член 1**

За преставник на Општина Чучер-Сандево во Училишниот одбор на Општинското училиште ”Александар Урдаревски”Сандево, се именува:

- Игор Левајковски

**Член 2**

Мандатот на преставникот во Училишниот одбор трае 3 (три) години.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во ”Службен гласник на Општина Чучер-Сандево”.

**Бр.08-964/11** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**24.04.2025 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер-Сандево** **Сања Петрушевска с.р.**

# 34.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/24) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА**

Се објавува Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **51**-та седница, одржана на **24.04.2025** година.

**Бр.09-1012/9** **ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**25.04.2025 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Чучер-Сандево** **Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член член 4 став (3) од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“, бр. 79/09) 14 став (1) и 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“, бр. 05/02 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Чучер-Сандево, (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19) Советот на Општината-Чучер-Сандево, на **51-та** седница оддржана на **24.04.2025** година, донесе

# О Д Л У К А
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА**

**Член 1**

Со оваа Одлука се изменува и дополнува Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Чучер-Сандево и Град Скопје заради заедничко вршење на работи кои што се однесуваат на санација и реконструкција на водоводна мрежа, изградба на фекална канализација и санација на улици како резултат од реконструкција во месноста Кучевачка Бара и Бел Камен („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево“ бр.10/23), на тој начин што во член 2 став 2 сврзникот и годината „и 2025“ се менува и гласи: „2025; 2026 и 2027“

**Член 2**

Во останатиот дел Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка останува непроменета.

**Член 3**

Ова Одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Чучер-Сандево”.

**Бр.08-964/10** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЕР-САНДЕВО**
**24.04.2025 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер-Сандево** **Сања Петрушевска с.р.**

# С О Д Р Ж И Н А

26. ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА I КВАРТАЛ,
ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО
ЗА 2025 ГОДИНА...... стр. 1

27. ПРОГРАМА ЗА КОНТРОЛА НА ПОПУЛАЦИЈАТА
НА БЕЗДОМНИ КУЧИЊА НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО
ВО 2025 ГОДИНА...... стр. 38

28. ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА
ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2025 ГОДИНА...... стр. 42

29. ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО
КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ УСОГЛАСУВАЊЕ НА НАМЕНИТЕ ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА
БЕСПРАВНИ ОБЈЕКТИ ИЗГРАДЕНИ НА КП 5618 КО КУЧЕВИШТЕ ВОНГРАД...... стр. 44

30. ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА
ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОШИРУВАЊЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА
БЕСПРАВЕН ОБЈЕКТ НА КП 1853 КО ЧУЧЕР-САНДЕВО В.М.ПУДАРАЦ...... стр. 46

31. ОДЛУКА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ЧЛЕН ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНОТО КОМУНАЛНО
ПРЕТПРИЈАТИЕ “СКОПСКА ЦРНА ГОРА” С.МИРКОВЦИ,
ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО...... стр. 47

32. ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДРШКА НА СРПСКИ КУЛТУРНО
ПРОСВЕТЕН И ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР „ВУК КАРАЏИЌ„ КУЧЕВИШТЕ...... стр. 49

33. ОДЛУКА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕСТАВНИК НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ВО УЧИЛИШНИОТ
ОДБОР НА ОПШТИНСКОТО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ ”АЛЕКСАНДАР
УРДАРЕВСКИ ”САНДЕВО...... стр. 50

34. ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА
МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА...... стр. 51